

**Дипл.ЕКК Рубинчо Видое Јованоски новинар и довчерашен одбојкарски судија од Прилеп**

На една од последните седници на владата на РМ на предлог на аболицираниот лидер, бомбашот Заев за посредник во преговорите помеѓу нашата земја и источниот сосед е назначен факултетскиот професор по римско право и некогашен премиер во времето на владеењето на СДС, Владо Бучкоски.

По номинацијата Бучкоски многу храбро и така лаконски пред 7-та сила и поширокета македонска јавност назначи дека е оптимист со неговото учество како посредник, но не може да се очекува резултат за 7 дена. Всушност и неговата функција како посредник е со важност од една година. Значи ветото од Бугарија кон нас останува во сила.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека Бучкоски со правосилна пресуда беше осуден на три и пол годишна затворска казна за аферата со т.н. “тенковски делови“. Овде, иронијата да бид еуште поголема самиот Бучко во тоа време нагласи дека “осуден сум“, но студентите се тие кои ме бараат да им предавам и воедно и испитувам по римско право.

Делото одеше тактички по судските лавиринти и конечно истото застари и следствено на тоа Бучкоски е на слобода.

Двоецот макеоднски криминалци Заев и Бучкоски, кој едниот е аболициран, а другиот со застарено судско дело не можат да преговараат за историските факти од минатото

кои и самиот јас учев од учебниците по историја дека бугарите за време на 2-те светски војни биле фашистички настроени кон домицилното македонско население каде ѕверски биле убивани наши македнски дејци за слободна и независна Република Македонија. Овде нагласувам, Република Македонија, а не како сега со продаденото име од Нивици.

Тенкистот Бучкоски има направено големи грешки кои сега скапо го чинат македонското население на својата “родна грутка“ Република Македонија.

Само да се потсетиме во сега далечната 2004 година Бучкоски од штабот на СДС во Струга за влакно ќе го чинеше живот за тогашната територијална поделба каде сега во Струга и Кичево е мислена именка да победи македонец на градоначалнички избори.

Потоа доби црвен картон од партијата и како резултат на тоа формира своја партија која беше со краток дострел. На следните избори за таа политичка партија гласаа Бучкоски и неговото потесно семејство од една и неговите пријатели од друга страна.

Како прилепчанец можам да нагласам дека на Бучкоски му се припишува ноншалантниот однос за време на военото конфликт (2001 година) кога тој беше во извршната власт.

Не може без логистичка поддршка од копно и воздух да се прати конвој за борба против тогашната ОНА. Епилогот е познат, а тоа беа 10 загинати животи од градот херој Прилеп.